# Проект за поврзување на локалните патишта – Механизам за жалби и поплаки

Во рамките на “Проектот за поврзување на локалните патишта во Република Северна Македонија” кој се реализира од страна на Министерството за транспорт и врски со финансиска поддршка од Светска банка, Градот Скопје аплицираше со под-проект за реконструкција на бул. „Киро Глигоров“, еден од најфреквентните булевари во Општина Гази Баба, во град Скопје. Трасата на под-проектот започнува од мостот „Близнак“ и завршува кај крстосницата со надвозникот на бул. Александар Македонски, со вкупна должина од 730,12 m и ширина од 14m (2x7 m).

Во најскоро време ќе започнат градежните работи на терен и за таа цел, Министерството за транспорт и врски согласно Стандардот 10 од Рамката за животна средина и социјални аспекти на Светска Банка воспостави **Механизам за жалби и поплаки** со кој на локалното население и засегнатата јавност ѝ се дава можноста за активно следење на изведувањето на планираните градежни работи.

Градот Скопје ја користи оваа прилика да ја информира јавноста, а особено заинтересираните и засегнатите страни, дека можат да се вклучат и да земат активно учество во реализацијата на горенаведениот под-проект преку искористување на постапката на **Механизмот за жалби и поплаки** и **Образецот за поплаки за целиот период на спроведување на проектот** кои може да се превземат од следниве линкови:

**Механизам за жалби и поплаки**

**(**https://skopje.gov.mk/media/7096/mehanizam-za-zhalbi-i-poplaki-lrcp-kiro-gligorov.docx**)**

**Образец за поплаки за целиот период на спроведување на проектот**

**(**https://skopje.gov.mk/media/7097/obrazec.docx**)**

Дадените два документа ќе бидат достапни во електронска форма на Министерството за транспорт и врски и официјалната веб-страна на Градот Скопје сè до завршувањето и затворањето на под-проектот.